РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

| Примено: | 29.12.2021 год | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 0801 | 2362/1 | | |


Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота ("Сл. Весник на РМ" бр.111/08), член 41 од Законот за управување со отпад ("Сл. Весник на РМ" бр.68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008 и 143/2008) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Лозово („Сл. Гласник на Општина Лозово" бр. 2/05) Советот на Општина Лозово на седницата одржана на ден 24.12.2021 год. ја донесе следната:

## *ПРОГРАМА*
## *ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ЛОЗОВО ЗА 2022 ГОДИНА*

Архивски знак: 0801
Рок на чување: трајно год.
24.12. 2021 год.
Потпис:

**1) Вовед:**

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини на Општина Лозово, е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како што се: улици, тротоари, паркиралишта, градски паркови, шуми, улични тревници и други објекти на комуналната инфраструктура, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина. Со програмата се уредуваат условите, обемот, динамиката и начинот на одржување на јавната чистота, површините и собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимските услови. Програмата за одржување на јавна чистота на јавните површини го определува начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистење на снег и мраз, отстранување на предмети кој ја загрозуваат јавната чистота, како и на отворените простори пред јавните објекти. Одржувањето на јавната чистота, односно метење на улици и пешачки патеки, миење на јавните површини и отворените простори и јавни објекти, листење на снег од мостовите и тротоарите во зимски услови и отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објекти се во непосредна зависност од:

- густина на населението;
- фреквенцијата на луѓето и моторните возила;
- инфраструктурните објекти и сообраќајните услови;
- културните навики на граѓаните.

- Одржување на јавна чистота. Одржувањето на јавната чистота подразбира:

- машинско и рачно метење на јавните површини и отворени простори на јавните објекти;
- миење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти;
- одржување на јавните површини и отворени простори на јавните објекти во

зимски услови;

- местење на корпи на места каде се оштетени старите корпи и поставување на нови каде ќе се јави потреба.

Во планирањето на димензионирањето на работните задачи, работната рака и вклучената механизација за одржување на јавната чистота како клучни фактори се земени:

- димензии, форма и тип на јавни површини (големина);
- начин на одржување на јавната чистота;
- калкулативна пресметка на нормите врз основа на димензионирањето на работните процеси.

Во зависност од временските услови во месеците од Ноември до Март се пристапува кон зимско одржуање на ЈПП (чистење од снег, тротоарите на улиците, сите пешачки патеки и др.).

**2) Динамика на извршување на активностите**

**2.1 Метење и перење на јавните површини**

- метење на централното подрачје утврдено со оваа програма еднаш неделно. (дел од ул. „Маршал тито", Плоштад, дел од ул. „Илинденска" и тротоари и просторот околу Детскиот забавен парк до Лозово).

Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на јавните површини.

- перење (со цистерна) 4 пати во месецот.
- метење на останатите асфалтирани улици двапати месечно,
- метење на влезните улици и централните подрачја во останатите населени места двапати во месецот,
- метење на парковските површини еднаш месечно
- перење (рачно со црево) еднаш неделно (во зимски период по потреба).

**3.1.1. Централно подрачје**

**Ефективна површина – 2.500 м2**

Опфаќа:

- дел од ул. „Маршал Тито" 200м = 1.200м2 (од пошта до плоштад и спој со ул. „Илинденска",
- ул. „Илинденска",
- дел од ул. „Илинденска" 200м = 1.000 м2 од вклучка со магистрален пат „Велес-Штип" до плоштад и спој со ул. „Маршал Тито",

- влез и отворен простор на општината, тротоарите и плочникот на плоштадот – 300м2.

### 3.1.2. Останати улици – опис

**Ефективна површина: 16.438м2**

- ул. „Маршал Тито“: од спој со магистрален пат „Велес-Штип“ до пошта, 400м = 2.000м2 (крак 1 и крак 2 = 420м2 и ул. од центар кон Китанови = 560м2);
- ул. „Илинденска“ 120м = 500м2, крак покрај влез на амбуланта до спој со магистрален пат „Велес-Штип“;
- кружен тек на ул. „Железничка“ над пруга 700м2;
- ул. „Железничка“ 120м = 600м2;
- ул. „АСНОМ“ 120м = 600м2;
- ул. „Марко Цепенков“ 100м = 450м2;
- ул. „Октомвриска револуција“ 600м = 4200м2;
- ул. „Јане Сандански“ со кружен тек 1.200м2;
- ул. „Кочо Рацин“ и ул. „Питу Гули“ 465м = 2.325м2.
- ул. „Козара“ 300м = 1050м2;
- ул. „Братство единство“ 183м = 640м2;
- ул. „АВНОЈ“ 183м = 640м2;
- ул. „В.И.Ленин“ 158 = 553м2.

### 3.1.3. Останати населени места

**Ефективна површина: 20.625м2**

Влезните улици и централните подрачја на останатите населени места:
Дорфулија – 600м = 3.000м2 од влез на населено место до центарот;
Дорфулија – 350м = 1.225м2 покрај канал до клучка на главна улица;
Дорфулија – 220м = 770м2 од школо до канал;
Дорфулија – 250м = 875м2 од игралиште кон палаш;
Дорфулија – 77м = 280м2 од игралиште до Митко Пура;
Дорфулија – 300м = 1.050м2 од центарот на селото до школото.
Дорфулија – 280м = 1.120м2 од центар на селото до излез на селото југ.
**Дорфулија вкупно = 8.320м2.**
Каратманово – 250м = 1.000м2 од влез на населено место до центарот;
Каратманово – 200м = 700м2 од центар до излез на лок.пат Каратманово-Дорфулија;
Каратманово – 240м = 840м2 долна маала;
Каратманово – 180м = 630м2 од центар кон гробишта;
Каратманово – 180м = 630м2 трнска маала;

Каратманово – 210м = 735м2 од центар кон Борко Ѓоргиев;
Каратманово – 120м = 420м2 од центар кон Јовеви.
**Каратманово вкупно = 4.955м2**
Милино – 400м = 1.400м2 од влез на населено место до центарот;
Милино – 630м = 2.205м2 од продавница „раус транс“ до Орце Велков;
Милино – 240м = 840м2 од центар кон гробишта;
**Милино вкупно = 4.445м2**
**Ѓуземелци** – 200м = **700м2** од влез на селото до чешма кај Стојмир Ѓорѓиев.
**Сарамзалино** – 260м = **910м2** главна улица.
Аџиматово – 250м = 875м2 од влез до центар;
Аџиматово – 120м = 420м2 крак од главна улица.
**Аџиматово вкупно = 1.295м2**

### 3.1.4. Парковски површини

**Ефективна површина: 2.900м2**

- патеки и останати поплочени површини – 300м2;
- игралишта (асфалтирани) во сите населени места – 2.200м2;
- детски забавен парк во Лозово и останати населени места – 400м2.

## 4. Рачно чистење на снег

**Ефективна површина: 2.500м2**

Во зимскиот период доколку паѓа снег наместо ставка 3.1.1., 3.1.2., 3.1.3. и 3.1.4. од оваа програма, изведувачот е должен рачно да го исчисти снегот на плоштадот, улиците и тротоарите.

Рачното чистење на снегот и мразот ќе го опфати централното подрачје:

- дел од ул. „Маршал Тито“ 200м = 1.200м2 (од пошта до плоштад и спој со ул. „Илинденска“;
- Ул. „Илинденска“;
- дел од ул. „Илинденска“ 200м = 1.200м2 од вклучка со магистрален пат „Велес-Штип“ до плоштад и спој со ул. „Маршал Тито“;
- влез и отворен простор на општината, тротоарите и плочникот на плоштадот 300м2.

## 5. Уредување на градско зеленило

Одржувањето на зеленило ќе се врши со засадување на цвеќе, украсни дрва и трева, косење и полорање на засеаната трева, кастрење и поливање на

засадените дрва во парк, зелениот појас од насадени дрва покрај централното подрачје и зелените појаси во населбата и останатите населени места.

## 6. Вонредно одржување

ЈКП „Лозово“ Лозово е должен да постапува по издадени решенија од општинскиот комунален редар и овластениот инспектор за животна средина за чистење на мини депонии и јавни површини кои се надвор од програмата, а кои се вонредно загадени и на кои е констатирано отпад од непознато потекло.

ЈКП „Лозово“ Лозово ќе врши чистење на просторот веднаш по завршување на манифестации кои ги организира Општина Лозово.

ЈКП „Лозово“ Лозово ќе врши чистење на одводните канали кои минуваат низ центарот на населените места во Лозово, Дорфулија, Каратманово, Милино, Сарамзалино и Аџиматово.

## 7. Буџет и финансирање

Во оваа програма предвидено е вкупно годишно одржување на јавните површини и тоа: метење и перење: 39.563м2, рачно чистење на снег и мраз во зимски услови: 2.500м2, уредување на парковски површини 2.900м2.

**Вкупната површина на годишно одржување на јавните површини изнесува: 44.963м2.**

За одржување на оваа површина, со обем и фреквенција предвидени во програмата потребни се: **2.150.000** денари, односно:

- Одржување на улици – 300.000 денари,
- Одржување на зелени површини – 300.000 денари,
- Ангажирање на лица – 1.550.000 денари.

Активностите утврдени со оваа програма ќе се финансираат од:

- надоместокот за одржување на јавната чистота, кој согласно Законот на јавна чистота се средства на општината наменети за финансирање на одржувањето на јавната чистота.
- висината на надоместокот е кој ќе се утврди во одлуката за висината на надоместокот за одржување на јавната чистота во општина Лозово врз основа на обемот и активностите предвидени со оваа програма.
- надоместокот ќе го плаќаат домаќинствата и правните субјекти корисници на јавните површини (893 домаќинства и 30 правни субјекти).

За финансирање на оваа програма Општина Лозово ќе склучи договор со ЈКП „Лозово“ Лозово.

## 8. Надзор над спроведување на програмата

Надзор над спроведување на оваа програма врши општинскиот Комунален редар. За спроведените активности на терен, изведувачот ќе биде задолжен до Општина Лозово да доставува месечни извештаји а на крајот на годината и годишен извештај до Грагоначалникот и Советот на Општина Лозово.

## 9. Завршни одредби

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Лозово.

Дата: 24.12.2021 год.

Изготвил: Љупчо Димитров

Совет на Општина Лозово

Најстар член на совет

Владе Миланов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ЛОЗОВО ОПШТИНА ЛОЗОВО